Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101 од 22.5.2019 година ), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-53/2-1 од 03.06.2024 година, директорот на Државниот испитен центар Скопје го донесе следното:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-54/2
12.6.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕШЕНИЕ**

**за делумно одбивање на Барањето за пристап до информации од јавен карактер**

1. Делумно се одбива Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од лицето Матеј Алексовски по електронски пат на е-маил адресата на Државниот испитен центар Скопје, бр. 03-53/2-1 од 03.06.2024 година.
2. Државниот испитен центар Скопје во електронска форма до барателот ги доставува следните документи: Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование; Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование; Испитна програма по македонски јазик и литература, како одговор на дел од прашањата наведени во Барањето,
3. Дел од прашањата наведени во Барањето се одбиваат затоа што Државниот испитен центар не создал или не располага со информации, согласно своите надлежности.
4. Ова Решение влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Образложение**

Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности“.

Согласно член 4 и член 12, а во врска со член 14 и 15 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер лицето Матеј Алексовски достави Барањето за пристап до информации од јавен карактер на службената е-меил адреса на Државниот испитен центар, наменета за примање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, на 03.06.2024 година, бр. 03-53/2-1 во електронска форма. Во Барањето се наведени низа прашања поврзани со државната матура за кои Алексовски смета дека се информации од јавен карактер.

Во врска со прашањата „ Врз основа на кои критериум оценувачите на ДИЦ ќе се водат за да утврдат евентуално препишување? Како ќе се постапи во случаевите кога е констатирано препишување? Дали ќе има санкции против учениците кои препишувале, доколку има од кои вид ќе бидат тие?“ доставуваме „Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование“ (http://www.matura.gov.mk/data_files/state_graduate/mk/5213_%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b8%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d0%ba%20%d0%b7%d0%b0%20%d0%bc%d0%b0%d1%82%d1%83%d1%80%d0%b0.pdf) и „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците

на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование“ (http://www.matura.gov.mk/data_files/state_graduate/mk/4055_izmena%20na%20pravilnik%20Drzavna%20matura.pdf ) во кои се регулирани постапките поврзани со препишување на испитите од државната матура. Наведените документи не се создадени од Државниот испитен центар, туку се донесени од министерот за образование и наука, но ги доставуваме како акти врз основа на кои постапува и Државниот испитен центар.

Во врска со прашањата „Каква е моменталната фактичка состојба во врска со државната матура? Кои се следните чекори кои ќе ги преземе Државниот испитен центар во врска со пробиениот тест по Македонски јазик и литература? Дали ДИЦ ќе оформи комисии?“ Државниот испитен центар нема создадено и не располага со информации кои се однесуваат на општи состојби или чекори кои би се случиле или презеле во иднина.

Во врска со прашањата „Доколку се констатираат пропусти кај тестаторите, дали ќе бидат казнети или санкционирани? На кој начин ке бидат санкционирани и врз основа на кој законски акт? Дали има простор за кривична одговорност на инволвираните во процесот на тестирање? Дали ДИЦ ќе поднесе кривична пријава до ОЈО Скопје во врска со пробиениот тест по Македонски јазик? Доколку ДИЦ поднесе кривична пријава врз основа на кој член од Кривичниот законик ќе ја поднесе?“, Државниот испитен центар нема надлежност за постапување.

Во врска со барањето на Алексовски „Да ми се достави записник, заклучоци, напатствија, информации за постапување во однос на државната матура кои се донесени на денешниот состанок одржан во просториите Државниот испитен центар на ден 03.06.2024 година“, информираме дека Државниот испитен центар секојдневно одржува работни состаноци во различни формати, со различни субјекти и за различни теми и за истите не постои законска обврска да се водат записници или задолжително да се создаваат друг вид документи. Во врска со какви било состаноци одржани на 03.06.2024 година, Државниот испитен центар не создал и не располага со документи/информации од јавен карактер.

Со оглед на гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против ова решение подносителот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на приемот на решението.*

Изготвил:
д-р Бети Ламева
Б. Ламева

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Директор,
м-р Биљана Михајловска

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Скопје-Shkup